Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

# П Р О Г Р А М А

за Денови на македонската фотографија 2013

## 1. Курс по сценска фотографија

- Време: 18., 20. И 24 јуни, 18:00-21:00ч
- Место: Cofee House (поранешно Асторија)

На овој курс, учесниците ќе можат да се запознат со основите на сценската фотографија и е единствена можност под вакви услови кај нас. Учесниците, по завршувањето на првиот дел од курсот, ќе добијат пропусници за сите случувања на Скопско Лето, каде што од нив се очекува практично да ги применат знањеата и вештините кои биле зајакнати на курсот. Најдобрите дела ќе бидат тековно изложувани на еднствениот независен портал за култура кај нас - www.plagij.at и на страницата на фестивалот Скопско Лето. По завршувањето на практичниот дел, некаде во Септември, во договор со групата, ќе се одржи дел во кој ќе се анализира сработеното и ќе се состави изложба од најдобрите дела од сите учесници на работилницата.

## 2. Изложба за два часа

- Време: 06.07.2013, од 17 до 19ч
- Место: City Mall, салон на ВИП

За прв пат Фото сојуз на Македонија организира изложба од овој тип, со цел да покаже дека и современите мобилни телефони се доволно добро техничко средство за остварување на креативна фотографија. По двајца фотографи ќе почнат со снимање во исто време – 17ч, во следниве градови: Скопје, Кратово, Тетово, Штип, Охрид и Битола. Тие своите фотографии, снимени со мобилен апарат, преку 3G технологија ги испраќаат во ВИП-овиот салон во Скопје, каде што двајца членови на ФСМ ги селектираат пристигнатите трудови на еден монитор. На друг монитор трет член на ФСМ врши обработка на фотографиите и ги подготвува за печатење. Останатите членови на организациониот одбор ги врамуваат фотографиите и ги поставуваат на штафелаи пред салонот. Од снимениот материјал, ВИП планира да направи и календар за 2014-та година, каде ќе биде застапен секој од градовите по една страна.

## 3. Презентација на Никон

- Време: 16.07.2013, во 19:00ч
- Место: Мултимедијален центар „Мала станица“

Во рамките на овој настан ќе има презентација на најновите фото апарати од овој реномиран бренд, а присутните ќе имаат можност да извршат пробно снимање.

**4. Редовна поставка на Денови на македонската фотографија**

- Време: 16.07.2013, во 20:00ч
- Место: Мултимедијален центар „Мала станица“

Поставката претставува пресек на творештвото на авторите во тековната година, каде што ќе бидат поделени серија награди и дипломи за најуспешните трудови и автори, како и специјалната награда „Благој Дрнков“.

**5. Бисери на српската фотографија**

- Време: 17.07.2013, во 20:00ч
- Место : Галерија „Остен“

Посетителите ќе имаат можност да видат 99 извонредни дела од архивата на Фото сојуз на Србија. Ќе бидат изложени дела од најзначајните автори кои твореле во Србија во периодот по Втората Светска војна до 90-те години од минатиот век, меѓу кои и дела од Живко Јаневски, Мајстор на фотографија при Фото сојуз на Македонија.